Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-34/9 од 22.2.2010 год., донесена на 28. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана 22.2.2010 год., избрани сме за членови на Рецензентска комисија по распишаниот Конкурс за избор на помлад асистент во областа ***математика***.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 4.2.2010 год., и во предвидениот рок се пријави: Лимонка Лазарова, помлад асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според податоците на пријавениот кандидат, а имајќи ги предвид член 129 од Законот за високото образование и член 178 од Преодни и завршни одредби на Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 35 од 14.3.2008 година) може да се констатира следново: поради тоа што на Конкурсот нема пријавено други кандидати во продолжение на овој реферат ќе се осврнеме, пошироко, на пријавениот кандидат кој ги исполнува условите за избор во соработничко звање – помлад асистент за научната област математика, врз основа на податоците од пристигнатата пријава.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Лимонка Лазарова** е родена на 30 август 1983 година во Кочани. Основно образование завршува во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Оризари, со континуиран одличен успех. Средното образование на природно-математичката насока го завршува во ДСУ „Љупчо Сантов“ во Кочани, со континуиран одличен успех. Дипломира на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 8.11.2006 година, со просечен успех 8,93 и се стекнува со називот **дипломиран професор по математика**.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии по применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Досега ги положила испитите: Диференцијални равенки, Нумерички методи (напреден курс), Применета апстрактна алгебра, Стохастички диференцијални равенки, Случајни процеси со просечен успех 10.

**Наставно-образовна дејност и работно искуство**

Согласно со Одлуката на Матичната комисија за формирање на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во јуни 2007 година, кандидатката е избрана за **помлад асистент** по предметите од областа *математика* на Факултетот за информатика.

Во изминатиот тригодишен период, кандидатката ги извршува следниве работни задачи:

1. Во учебната 2007/2008 година работи како помлад асистент на:
   - Факултетот за информатика во Штип по предметите: Математика 1, Математика 2, Линеарна алгебра;
   - Економскиот факултет во Штип по предметот Математика 1.
2. Во учебната 2008/2009 година работи како помлад асистент на:
   - Факултетот за информатика во Штип по предметите: Математика 1, Математика 2, Линеарна алгебра, Веројатност и статистика;

- Факултетот за информатика, дисперзирани студии во Струмица, по предметите: Математика 1, Математика 2, Линеарна алгебра;
- Економскиот факултет во Штип по предметите Математика 1, Математика 2;
- Економскиот факултет, дисперзирани студии во Струмица по предметот Математика 1.

3. Во учебната 2009/2010 година како помлад асистент на:

- Факултетот за информатика во Штип по предметите: Математика 1, Математика 2, Веројатност и статистика, Моделирање и симулации.
- Факултетот за информатика, дисперзирани студии во Струмица, по предметот Веројатност и статистика.
- Факултетот за информатика, дисперзирани студии во Берово по предметот Математика 2.
- Машински факултет во Виница по предметот Веројатност и статистика.

Освен тоа, кандидатката посетува повеќе обуки и семинари, и врши други дадени работни задачи.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката учествува на IV Конгрес на математичарите на Македонија со меѓународно учество и го презентира трудот „Some Aspects of Arbitrating“.

Активно учествува и во работата на Сојузот на математичарите на Македонија (СММ) и во реализацијата на натпреварите по математика за основно образование, каде е и овластен делегат од СММ.

**Објавени научно-стручни трудови по изборот во помлад асистент**

1. Tatjana Atanasova-Pacemska, **Limonka Lazarova,** Biljana Zlatanovska, „Some Aspects of Arbitrating“ – IV CONGRESS of the Mathematicians of Republic of Macedonia (позитивно рецензиран труд).
2. Татјана Атанасова-Пачемска, Билјана Златановска, **Лимонка Лазарова**, „Еден приод во воведувањето и интерпретацијата на економските функции во наставата по математика“ – 4. Конгрес на математичарите од Република Македонија (позитивно рецензиран труд).
3. Татјана Атанасова-Пачемска, Билјана Златановска, **Лимонка Лазарова**, „Авторизиран и позитивно рецензиран учебник по предавања и вежби по Математика 1 за Економски факултет“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 178 од Завршни и преодни одредби на Законот за високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.35 од 14.3.2008 година) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката ги исполнува критериумите за избор во соработник за областа математика на Факултетот за информатика.

Имајќи ја предвид досегашната работа, активноста на кандидатката за унапредување на наставно-образовниот процес и особено покажаната активност за свое лично усовршување, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да ја избере Лимонка Лазарова за помлад асистент за научната област ***математика.***

.

**Резензентска комисија**
**Доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Лидија Горачинова - Илиева, член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска, член, с.р.**

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на Лимонка Лазарова, помлад асистент, во реизборниот период, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 65 | 65*0,2 | **13** |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања и вежби | 1 | 8 | **8** |
| Член на комисија на ученички натпревари | 2 | 2*0,5 | **1** |
| | | **Вкупно** | **22** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник со трудови на научен собир | 2 | 1 | **2** |
| Учество на стручен собир со реферат (усно) | 1 | 1 | **1** |
| | | **Вкупно** | **3** |
| | | **Вкупно** | **25** |

Кандидатката Лимонка Лазарова по изборот за помлад асистент ги остварува следниве поени: НО = 22 и НИ = 3 или вкупно 25 поени.